| | 420 | ПАТНИ И ДНЕВНИ ТРОШОЦИ | 1.030.000 | 275.494 | 18.000 | 6.500 | 228.000 | 47.541 | 111.300 | 0 | 0 | 0 | 1.387.300 | 329.535 | 1.057.765 | 23,75 |
| | 421 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 9.369.680 | 4.565.525 | 12.278.371 | 3.902.600 | 2.157.000 | 242.478 | 240.840 | 190.000 | 0 | 0 | 24.045.891 | 8.900.603 | 15.145.288 | 37,02 |
| | 423 | Материјали и ситен инвентар | 2.005.000 | 386.228 | 1.741.000 | 720.265 | 4.328.000 | 1.585.500 | 223.524 | 0 | 0 | 0 | 8.297.524 | 2.691.993 | 5.605.531 | 32,44 |
| | 424 | поправка и тековно одршување | 6.876.000 | 2.832.112 | 5.722.075 | 1.686.644 | 501.500 | 22.046 | 390.992 | 0 | 0 | 0 | 13.490.567 | 4.540.802 | 8.949.765 | 33,66 |
| | 425 | договорни услуги | 6.340.444 | 3.219.960 | 5.370.000 | 2.619.813 | 1.116.500 | 562.116 | 5.511.156 | 2.592.114 | 0 | 0 | 18.338.100 | 8.994.003 | 9.344.097 | 49,05 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 426 | ДРУГИ ТЕКОВНИ РАСХОДИ | 14.668.502 | 7.898.189 | 867.000 | 281.837 | 358.000 | 74.044 | 1.687.050 | 430.000 | 0 | 0 | 17.580.552 | 8.684.070 | 8.896.482 | 49,40 |
| | 427 | Привремени вработувања | 2.600.000 | 1.787.729 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.455.670 | 1.491.081 | 0 | 0 | 5.055.670 | 3.278.810 | 1.776.860 | 64,85 |
| 46 | | Субвенции и трансвери | 61.698.212 | 24.878.662 | 2.221.563 | 1.249.398 | 150.000 | 26.611 | 1.752.641 | 499.762 | 0 | 0 | 65.822.416 | 26.654.433 | 39.167.983 | 40,49 |
| | 463 | трансвер до невладини организации | 1.960.000 | 1.453.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.960.000 | 1.453.000 | 507.000 | 74,13 |
| | 464 | Разни трансвери | 59.738.212 | 23.425.662 | 2.221.563 | 1.249.398 | 150.000 | 26.611 | 1.752.641 | 499.762 | 0 | 0 | 63.862.416 | 25.201.433 | 38.660.983 | 39,46 |
| 47 | | Социјални бенифиции | 910.000 | 663.636 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 910.000 | 663.636 | 246.364 | 72,93 |
| | 471 | социјални надоместоци | 910.000 | 663.636 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 910.000 | 663.636 | 246.364 | 72,93 |
| 49 | | ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА | 4.200.000 | 4.028.455 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.200.000 | 4.028.455 | 171.545 | 95,92 |
| | 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт | 4.200.000 | 4.028.455 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.200.000 | 4.028.455 | 171.545 | 95,92 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 48 | | Капитални расходи | 68.013.000 | 23.498.959 | 1.567.617 | 577.089 | 334.000 | 0 | 8.116.759 | 3.574.195 | 0 | 0 | 78.031.376 | 27.650.243 | 50.381.133 | 35,43 |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 1.550.000 | 171.998 | 1.257.617 | 577.089 | 309.000 | 0 | 3.576.623 | 1.995.998 | 0 | 0 | 6.693.240 | 2.745.085 | 3.948.155 | 41,01 |
| | 482 | други градежни објекти | 64.313.000 | 22.750.631 | 70.000 | 0 | 0 | 0 | 3.151.863 | 310.539 | 0 | 0 | 67.534.863 | 23.061.170 | 44.473.693 | 34,15 |
| | 483 | Купување на мебел | 0 | 0 | 180.000 | 0 | 12.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 192.000 | 0 | 192.000 | 0,00 |
| | 485 | други нефинансиски средства | 2.150.000 | 576.330 | 60.000 | 0 | 13.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.223.000 | 576.330 | 1.646.670 | 25,93 |
| | 486 | Купување на возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.388.273 | 1.267.658 | 0 | 0 | 1.388.273 | 1.267.658 | 120.615 | 91,31 |

**Образложение**

**Лице за контакт**

**Име и презиме и тел.број:** **Елена Стојановска Радевска 047 551 485**

**Овластено лице(печат и потпис):**

## Образец К2
## Квартален извештај за доспеани ненамирени обврски

**Општина :** Ресен
**Квартал :** од 01.01.2024 30.09.2024 година
**Датум на поднесување на извештајот:** 07.10.2024
ден, месец, година

*(во денари)*

| Месеци | Обврски до 30 дена | Обврски до 60 дена | Обврски над 60 дена | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | утужени | неутужени | **Вкупно** | |
| Јануари | 732.676 | | **8.536.758** | 24.956.901 | **33.493.659** | **34.226.335** |
| Февруари | 677.971 | | **8.428.358** | 21.962.098 | **30.390.456** | **31.068.427** |
| Март | 379.997 | | **1.480.890** | 18.895.815 | **20.376.705** | **20.756.702** |
| Април | 179.459 | | 1.480.890 | 19.249.867 | **20.730.757** | **20.910.216** |
| Мај | 381.301 | | 1.480.890 | 18.851.171 | **20.332.061** | **20.713.362** |
| Јуни | 389.710 | | 317.361 | 14.864.336 | **15.181.697** | **15.571.407** |
| Јули | 2.813.154 | | 20.011 | 11.582.508 | **11.602.519** | **14.415.673** |
| Август | 1.933.065 | | 20.011 | 12.528.748 | **12.548.759** | **14.481.824** |
| Септември | 1.179.353 | | 20.011 | 14.630.957 | **14.650.968** | **15.830.321** |
| Октомври | | | | | | |
| Ноември | | | | | | |
| Декември | | | | | | |

| **Расходна ставка** | **Вкупно обврски** |
|---|---|
| 401 | |
| 402 | |
| 403 | |
| 404 | |
| 411 | |
| 412 | |
| 413 | |
| 414 | |
| 420 | |
| 421 | 6.285.413 |
| 423 | 970.850 |
| 424 | 1.435.300 |
| 425 | 1.671.181 |
| 426 | 1.354.835 |
| 427 | |
| 451 | |
| 452 | |
| 453 | |
| 461 | |
| 462 | |
| 463 | 311.820 |
| 464 | 20.011 |
| 465 | |
| 471 | |
| 472 | |
| 473 | |
| 474 | |
| 480 | 1.199 |
| 481 | |
| 482 | 3.350.128 |
| 483 | |
| 484 | |
| 485 | 427.503 |
| 486 | 2.081 |
| 487 | |
| 488 | |
| 489 | |
| 491 | |
| 492 | |
| 493 | |
| **Тотал** | **15.830.321** |

**Образложение :**

**Во образецот К2 кој се однесува за период од 01.01.2024 до 30.09.2024 година, искажани се обврски во вкупен износ од 15,830,321,00 денари**

**Износот на утужени обврски од 20,011,00 прикажан на расходна ставка 464.**

**Друга поголема ставка во К2 образецот е ставката 421 со износ од 6.285.413,00 ден. во кој е и долгот на Општина Ресен кон ЕЛЕМ А.Д. Долгот не е утужен од причина што за тој долг е склучена Спогодба помеѓу Општина Ресен и ЕЛЕМ А.Д. Македонија. Во расходна ставка 421 ЕЛЕМ А.Д. Македонија учествува со износ од 5.288.600,00 ден. и истиот е со дата на пресек 30.09.2024 година.**

**Расходното ставка 423 на износ од 970.850,00, денари се однесува на неплатени обврски од набавка на материјали и ситен инвентар**

**Расходната ставка 424 на износ од 1.435.500,00 денари се однесува на обврски од поправка и тековно одржување**

**Расходната ставка 425 на износ од 1.671.181,00 денари се однесува на обврски по основ на договорни услуги**

**Расходната ставка 426 на износ од1.354.835,00 денари се однесува на обврски по основ на други тековни расходи**

**Расходната ставка 482 на износ од 3,350,128,00 денари се однесува на обврски по основ на други градежни објекти.**

Лице за контакт :
Име и презиме и тел. број: Ивана Ѓореска Босилковска 077 599 119

Овластено лице ( печат потпис)
____________________________

**Образец КЗ**

**Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

**Општина:** Ресен

**Извештаен период :** од **01.01.2024** година до **30.09.2024** година
( ден, месец, година) ( ден, месец, година)

**Датум на поднесување на извештајот** **03.10.2024**
( ден, месец, година)

**Долг на општината**

*( во оригинална валута)*

| Реден број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит | Периодичност на отплата* | Датум на отплата на главнина | | Датум на отплата на камата | | Достасана обврска ( во извештајниот период) | | Датум на доставување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период) | | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во | | Состојба на долгот за извештајниот период** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | % | | | | (да/не) | (а, б, в, г,д) | Прв | Последен | Прв | Последен | Главница | Камата | | Главница | Камата | | Главница | Камата | на почетокот | на крајот |
| 1 | МСИП2-НЦБ-006-19 | Проект за подобрување на опш услуги-Реконструкција на улици во градот Ресен | Меѓународна Банка за обнова и развој-Светска Банка | МКД | 29.525.906 | 2% | 13 години | 3 години | | не | в | 2022 година | 2031 година | 2019 година | 2031 година | 2.952.592 МКД | 1.070.923 МКД | 10.09.2024 година | 2.957.532 МКД | 1.070.923 МКД | 17.07.2024 година | / | / | | |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешки:**

**Долг на ЈП основани од општината**

*( во оригинална валута)*

| Реден број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит | Периодичност на отплата* | Датум на отплата на главнина | | Датум на отплата на камата | | Достасана обврска ( во извештајниот период) | | Датум на доставување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период) | | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во | | Состојба на долгот за извештајниот период** | | Заемопримач (назив на ЈП) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | % | | | | (да/не) | (а, б, в, г,д) | Прв | Последен | Прв | Последен | Главница | Камата | | Главница | Камата | | Главница | Камата | на почетокот | на крајот | |
| 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешки:**

Лице за контакт
Име и презиме и телефонски број Даниела Апостоловска, 047 551 765

Овластено лице (печат и потпис):

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за формирање на Комисија за изработка на Предлог-Програма за работа на Совет на Општина Ресен за 2025 година

Се објавува Решение за формирање на Комисија за изработка на Предлог-Програма за работа на Совет на Општина Ресен за 2025 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 29.10.2024 година.

Бр.09-2133/2
31.10.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,бр.5/02 и 202/24), член 23 став 1 точка 3 и член 33 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 и 11/2015), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 29.10.2024 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за формирање на Комисија за изработка на Предлог-Програма за работа на Совет на Општина Ресен за 2025 година

1. Со ова Решение се формира Комисијата за изработка на Предлог-Програма за работа на Совет на Општина Ресен за 2025 година, во состав:

- Ирена Стрезовска Кукуловска, Претседател
- Александра Јосифовска, член
- Мемет Хоџа,член

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Ресен”.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2059/4
29.10.2024 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**3.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ’’ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување член во Одборот за контрола на материјално-финансиско работење на ЈКП “Пролетер“ Ресен

Се објавува Решение за разрешување член во Одборот за контрола на материјално-финансиско работење на ЈКП “Пролетер“ Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 29.10.2024 година.

Бр.09-2133/3
31.10.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002 и 202/2024) и чл.106 ст. 2 и 5 од Законот за основно образование ( Сл. Весник на РСМ 161/19 и 229/20), а во врска со член 23 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен’’бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седница одржана на 29.10.2024 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување на член на Одборот за контрола на материјално-финансиско работење на ЈКП “Пролетер“ Ресен

1. Се разрешува досегашниот член во Одборот за контрола на материјално-финансиско работење на ЈКП “Пролетер“ Ресен

- Јован Станојковиќ

2. Оваа решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08-2059/5
29.10.2024 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**4.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ'' бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за формирање на Комисија за селекција на еден кандидат за избор на член во Одборот за контрола на материјално-финансиско работење на ЈКП “Пролетер“ Ресен

Се објавува Решение за формирање на Комисија за селекција на еден кандидат за избор на член во Одборот за контрола на материјално-финансиско работење на ЈКП “Пролетер“ Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 29.10.2024 година.

Бр.09-2133/4 Градоначалник
31.10.2024 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 17-а став 7 а во врска со член 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22) и член 24 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Ресен, на седницата одржана на 29.10.2024 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за формирање на Комисија за селекција на еден кандидат за избор на член на Одборот за контрола на материјално-финансиско работење на ЈКП “Пролетер“ Ресен**

1. Со ова Решение се формира Комисија за селекција на еден кандидат за избор на член на Одборот за контрола на материјално-финансиско работење на ЈКП “Пролетер“ Ресен. (во понатамошен текст : Комисијата)

2. Во Комисијата се именуваат:

- Зоран Кипревски – претседател (вработен во Општина Ресен);
- Зухра Алиовска – заменик претседател (вработена во Општина Ресен);

- Лилјана Прцуловски – член (вработена во организациона единица за управување со човечки ресурси во Општина Ресен);
- Јован Ставревски - заменик член (вработен во организациона единица за управување со човечки ресурси во Општина Ресен);
- Јованчо Кукуловски – член (вработен во ЈКП “Пролетер“ Ресен);
- Петар Барандовски – заменик член (вработен во ЈКП “Пролетер“ Ресен).

3. Комисијата ќе има за задача:

- да го изготви Јавниот повик за пријавување на заинтересирани кандидати за член на Одборот за контрола на материјално-финансиско работење на ЈКП “Пролетер“ Ресен кој во име на Советот на Општина Ресен ќе го потише председателот на Советот на Општина Ресен.

- да ја спороведи постапката за селекција на кандидат за член на Одборот за контрола на материјално-финансиско работење на ЈКП “Пролетер“ Ресен и изготви Предлог на кандидат за член на управен одбор и достави до основачот на јавното претпријатије, се тоа согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, образците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите. (,,Службен Весник на РС Македонија “бр.213/2024).

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2059/6
29.10.2024 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**5.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за ЈД -за изградба и реконструкција на локалните патишта и улици за 2024 година

Се објавува Програма за измена и дополнување на Програмата за ЈД -за изградба и реконструкција на локалните патишта и улици за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 29.10.2024 година.

Бр.09-2133/5
31.10.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на чл. 14 став( 4) од Законот за јавните патишта (,,Сл. Весник на Р.М” бр.52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13,39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21), член 7 ст. (1) од Законот за комуналните дејности (,,Службен Весник на Р.М” бр. 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20), чл. 36 ст. (1), точка 15 од Законот за локална самоуправа ( ,,Сл. Весник на Р.М” бр. 05/02), чл.23 точка 11 од Статутот на Општина Ресен ( ,,Сл. Гласник на Општина Ресен” бр.7/10,13/13,8/15,11/15 и 10/21), Советот на Општина Ресен на седница одржана на ден 29.10. 2024 год. ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
**ЈД - За изградба и реконструкција на локалните патишта и улици**
**за 2024 година**

Со Оваа Програма се врши измена и дополнување на Програмата **ЈД - За изградба и реконструкција на локалните патишта и улици за 2024** год. под бр. 08-2583/25 од 14.12.2023 година, ( “Службен гласник на Општина Ресен “бр. 19/2023 год), и тоа во делот на точка 1 , подточка 1.3 на следиот начин:

**1.3 Планирани градежни активности за изградба и одржување на улици и патишта во селата на територија на општина Ресен:**

**Се менува во делот за :**

- ***С. Езерени***
  *Изградба во должина од 700 метри*
  *Вредност 5.000.000,00 денари*
- ***С.Горна Бела Црква***
  *Изградба во должина од 250 метри*
  *Вредност 1.250.000,00 денари*

**И се дополува со нова алинеа за :**

- ***С.Долна Бела Црква***
  *Изградба во должина од 350 метри*
  *Вредност 3.000.000,00 денари*

Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник  на Општина Ресен”.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2059/7
29.10.2024 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**6.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за дополнување на Програмата ЈГ - изградба, реконструкција и одржување на водоводи за 2024 година

Се објавува Програма за дополнување на Програмата ЈГ - изградба, реконструкција и одржување на водоводи за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 29.10.2024 година.

Бр.09-2133/6
31.10.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 ст.(1), точка 6 од Законот за локаланата самоуправа (,,Сл. Весник на Р.М” бр.05/02 и 202/24), член 23 точка 13 од Статутот на Општина Ресен (,,Сл. Гласник на Општина Ресен” бр. 7/10, 13/13, 08/15 ,11/15 и 10/21), член 7 ст. (1) од Законот за комуналните дејности (,,Службен Весник на Р.М” бр. 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20), Советот на Општина Ресен на седница одржана на ден 29.10. 2024 година.

**ПРОГРАМА**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
**ЈГ- За изградба, реконструкција и одржување на водоводи**
**за 2024 година**

Со Оваа Програма се дополнува Програмата ЈГ- За изградба, реконструкција и одржување на водоводи Општина Ресен во 2024 год. под бр. 08-2583/23 од 14.12.2023 година, ( “Службен гласник на Општина Ресен“ бр. 19/2023), во делот на точка 1 –Ресен, се дополнува со:

- Изведба на примарна водоводна мрежа со куќни приклучоци на улица: ,,Наум Веслиевски“

Средства потребни за реализација **8.848.826,00 денари**.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2059/8
29.10.2024 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**7.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ’’ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на Општина Ресен

Се објавува Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на Општина Ресен, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 29.10.2024 година.

Бр.09-2133/7
31.10.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

# ОПШТИНА РЕСЕН

# П Р О Ц Е Н А
## на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на Општина Ресен

**С О Д Р Ж И Н А :**

**1.Вовед**..........................................................................................ст.3
**2. Општи карактеристики**........................................................ст.4
**2.1** Дејност и нејзино влијание на можноста за предизвикување на природни непогоди и други несреќи.................................ст.4
**2.2** Влијание на несреќите и непогодите во обавувањето на дејноста............................................................................................ст.4
**2.3** Податоци за капацитетите............................................. ст.5
***2.4*** Густината на изграденост на објектите и нивната карактеристика и важност за заштита од природни непогоди и други несреќи........................................................................ст.5
***2.5***Сообраќајна инфраструктура....................................... ст.5
**2.6**Број на вработени........................................................... ст.5
**3. Процена по видови на загрозеност**.......................................... ст.6
**3.1** Загрозеност од земјотреси, урнатини............................. ст.6
**3.2** Загрозеност од снежни навеви, лавини и луњи.............. ст.6
**3.3** Загрозеност од пожари и експлозии................................ст.7
**3.4** Загрозеност од епидемии на заразни заболувања............ст.7
**3.5** Загрозеност од поплави...................................................ст.7
**3.6** Радиолошка, хемиска и биолошка загрозеност…………ст.8
**4.Потреби и можности за организација и раководење со заштита и спасувањето**.........................................................................ст.8
**5. Оспособеност на Општина Ресен за заштита и спасување**..ст.9
**6.Оспособеност на вработените за заштита и спасување**.........ст.9
**7. Заклучок**..........................................................................ст.9

# 1. В О В Е Д

Бидејќи природните непогоди настануваат како резултат на природни сили, тие се вон можноста за влијание на човекот за спречување на нивното настанување. Но, затоа пак, преку планирањето и спроведувањето на потребни мерки и активности, може да се влијае врз релативизирање, односно намалување на последиците кои што тие можат да ги предизвикаат.

Несреќите пак, како што се пожарите, несреќите во технолошките процеси, радиоактивните зрачења, контаминациите со опасни материи, експлозиите на гасови, сообраќајните несреќи со тешки последици итн. се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на активности од страна на човекот, како и резултат на неговото невнимание при ракувањето со опасни материи и средства во процесот на работа, складирање или транспорт. Ризиците за настанување на ваквите несреќи можат да се превенираат, односно да се спречи нивното предизвикување.

Начинот на проценување на опасностите во случај на природни непогоди, епидемии и други несреќи се заснива на реални процени на можната загрозеност на вработените, објектите и инфраструктурата при што се поаѓа од најтешките варијанти и можни предвидувања за природни непогоди епидемии и други несреќи, можностите за примена на мерките за заштита, расположивите сили за спасување на вработените и материјалните добра, како и отстранување на последиците од природните непогоди, епидемии и други несреќи.

## 2. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ

### *2.1 Дејност и нејзино влијание на можноста за предизвикување на природни непогоди и други несреќи*

Административната зграда на Општина Ресен  е сместена во деловна зграда на Плоштад “Цар Самоил” бр. 20 – Ресен, која се состои од приземје и два ката, каде се сместени канцелариите на Локалната самоуправа и подрачните единици на Минситерствата како и салаи за оддржување на состаноци.

Општина Ресен како установа која се занимава со горенаведените дејности со својата работа не може да предизвика поголеми несреќи во текот на дејноста освен релативна можност за настанување на пожар.

### *2.2 Влијание на несреќите и непогодите во обавувањето на дејноста*

Природните и други непогоди можат да предизвикаат негативни последици во обавување на дејноста. Како последица на земјотреси, пожари, експлозии и други несреќи може да дојде до појава на урнатини, прекини на довод на електричната енергија и телефонски врски, како и влошување на условите за работа поради опожарените простории, дефекти на водоводна и канализациона мрежа. Во потешки случаи може да дојде до појава на повредени вработени и странки па дури и човечки загуби.

Појавата на епидемии на заразни болести може да предизвика намалување на бројот на вработените во поедини ситуации поради претпазлицост, може да дојде до прекинување на работата заради спречување на ширењето на болести.

Сите овие причини можат да доведат до тешкотии во обавување на дејноста, а во потешки случаи и до повремени прекини или поголеми прекини, па и до целосен прекин во обравување на дејноста или до дислокација на работните простории.

### *2.3 Податоци за капацитетите*

Општина Ресен располага со следните капацитети:

- Канцеларии,
- Голема Сала за состаноци и настани,
- Мала Сала за состаноци
- Бифе
- Архива

### *2.4 Густината на изграденост на објектите и нивната карактеристика и важност за заштита од природни непогоди и други несреќи*

Објектот на Општина Ресен се наоѓа на една локација на Плоштад "Цар Самоил" бр. 20 – Ресен.

Објектот е од тврда градба и не постои голема опасност од негово уривање и оштетување на соседни објекти. Електричната инсталација на објектот е стара, но во релативно добра состојба, водоводната мрежа е исто така стара, објектот е приклучен на градска канализација, затоплувањето на деловните простории е на парно греење на гориво.

Објектот граничи со улиците "Таше Милошевски" и "Илинденска" и Плоштадот "Цар Самоил", додека со други објекти кои се оделени од него се Основен Суд Ресен и Здружение на пензионери.

### *2.5 Сообраќајна инфраструктура*

Објектот на Општина Ресен, е поврзан со улиците "Таше Милошевски" и "Илинденска" и Плоштадот "Цар Самоил" од кои може непречено да се извршува евакуација, пристап на противпожарни возила, возила на брза помош и други возила за евакуација и пружање помош.

### *2.6Број на вработени*

Во Општина Ресен има вработено 71 луѓе, во редовен работен однос, преку ПАВ се ангажирани 9 луѓе и 15 пожарникари во редовен работен однос.

## 3. ПРОЦЕНА ПО ВИДОВИ НА ЗАГРОЗЕНОСТ

### 3.1 Загрозеност од земјотреси, урнатини

Територијата на Општина Ресен според сеизмичката активност спаѓа меѓу подрачјата со слаба сеизмичка активност, односно е подрачје кое спаѓа во сеизмогени извори од трет ред, што значи е подрачје во кое воопшто немало земјотреси или биле многу слаби со магнитуда од М=4,0 до 4,5 степени по Меркалиевата сеизмичка скала, но врз база на тектонските параметри истите се потенцијални жаришта. Покрај ова треба да се спомене дека Општина Ресен, на сеизмичката карта на Република Македонија за повратен период од 500 години, се наоѓа во зоната каде би можело да има земјотреси од 8 степени (MSC - 64) со коефициент на сеизмичност 0,050.

Според случените земјотрси во минатото и врз основа на истражувањата и анализите од минатите години, како и според интензитетот и зачестеноста на земјотресите, концентрацијата на земјотреси е на подножјето на планината Галичица и планината Баба во должина на протегање од над 80км. Подрачјето на Општина Ресен, се наоѓа во сеизмогена зона во која се очекуваат послаби земјотреси со јачина од 4-5 степени според Рихтер. Послабите земјотреси се како резултат на поместувањето на раседните блокови во земјината внатрешност и се поизразени кога пошироката територија на југо западниот дел од Балканскиот полустров е зафатена со поголеми потреси.

**Објектот на Општина Ресен е постара тврда градба и затоа во случај на земјотрес можни се мали до средни оштетувања и нема опасност од рушење и оштетување на соседни објекти, блокирање на улици и евентуални човечки жртви**

### 3.2 Загрозеност од снежни навеви, лавини и луњи

Снежните навеви, лавини и луњи, како природни мететролошки појави во зимскиот период предизвикуваат различни пореметувања на секојдневните активности на граѓаните и вработените во општината. Овие природни непогоди би предизвикале отежнато одвивање на локалниот сообраќај, физичко отежнување на

надземните водови и преносната електрична мрежа, а со тоа и отежнато извршување на дејноста и секојдневните обврски на ЕЛС Ресен.

Основна задача за расчистување од снежни наневи Општина Ресен ја доделува преку јавна набавка на економски оператор, кое располага со потребна механизација и средства за очистување на патните правци

### 3.3 Загрозеност од пожари и експлозии

Според градбата и содржината на објектот нема голема опасност од избувнување на пожар и негово ширење. Самиот процес на работа е таков да нема опасност од предизвикување на пожар но сепак потенцијални опасности за предизвикување на пожар се:

- Неисправна електрична инсталација
- Преоптоварување на електричната инсталација
- Разни грејни тела
- Електрична апарати
- Временски непогоди
- Човечко невнимание
- Глодари

При обавување на секојдневната дејност може да дојде до избувнување на пожар. Во случај на пожар на овие објекти неопходна е предходна подготвеност и навремено дејствување заради брзо и ефикасно локализирање на пожарот и спречување на негово ширење. Заради извршување на овие активности потребно е оспособува на сите вработени.

Последиците од пожар би се одразиле по целокупното работење на Општина Ресен бидејќи би се уништила целокупната архива и смедководство, компјутерската мрежа, инвентарот односно сите документи и податоци за општината со кои располагаме.

### 3.4 Загрозеност од епидемии на заразни заболувања

Основна дејност на Општина Ресен извршување на јавни услуги и дејности од интерес на граѓаните, па оттука мора да се превземаат константно и постојано одредени мерки за здравствена заштита и редовни систематски прегледи и следење и евиденција на здравствена состојба на вработените.

### 3.5Загрозеност од поплави

Поплавите на подрачјето општината според направените анализи и нивното појавување се случуваат во период при појава на обилни врнежи од дожд и снег. Поплавите се појавуваат во времето на пролетниот период (март-мај) и есенскиот период (септември-ноември). Според досегашните анализи поплавите се предизвикани од климатските промени и обилните врнежи од дожд, нагло зголемување на температурата и топење на снег од околните планински масиви на подрачјерто на општина Ресен. Веројатноста за појава на опасност од поплави е во периоди на влошени хидролошки состојби.

Опасност од поплава постои при неисправност на хидрантската и канализациона мрежа, неисправност на вентилите, пукање на хидрантската инсталација, затнување на одводните шахти и канали.

### 3.6 Радиолошка, хемиска и биолошка загрозеност

Современите услови на живеење и работа и се поизразениот технолошки развој, во голема мера придонесуваат за зголемување на степенот на загрозеност од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација.

Територијана на Општина Ресен не е директно загорзена од ваков вид на контаминација, истата може да настане од хаварии настанати вососедните држави.

## 4. ПОТРЕБИ И МОЖНОСТИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ СО ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Општина Ресен од редот на вработените има потреба и можности за формирање на просторни сили (единици и штабови) за заштита и спасување и тоа од редот на вработените како и од вработени од други релевантни институции. ЗС во установата ќе се одвива во склоп на редовното работење и доследно спроведување на законот за заштита и спасување како и законот за безбедност и здравје при работа.

Раководењето со ЗС во установата ќе се одвива преку раководните структури и надлежните за безбедност и здравје при работа.

## 5. ОСПОСОБЕНОСТ НА ОПШТИНА РЕСЕН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Установата Општина Ресен располага со стручен кадар кој се грижи за следење и примена на прописите од областа на заштита и спасување, но треба да обезбеди материјални и други можности за подобра реализација на мерките, задачите и активностите што се однесуваат на заштита и спасување.

Општина Ресен располага со потребен број на ПП Апарати и хидранти кои редовно се одржуваат и сервисираат.

## 6. ОСПОСОБЕНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Општина Ресен има обучено лица од своите вработени од областа Противпожарна заштита од стручна и овластена установа ,,Ватекс, - Охрид, и тоа со предавања и практична обука за употреба на противпожарните апарати и хидранти.

## 7. ЗАКЛУЧОК

Природни непогоди и други несреќи можат да го погодат секој, а секако најголем ризик е од избувнување на пожари, поплави и урнатини предизвикани од земјотреси. Интензитетот и големината на овие несреќи би зависеле пред се од причината од која настанале како и можноста за ескалација со поголеми последици.

Во Општина Ресен се спроведуваат редовни контроли и сервисирање на противпожарните апарати, исправноста на хидрантите, водоводната мрежа и електрична инсталација.

Редовно се спроведуваат здравствени прегледи на вработените со цел да се намали можноста од зарази и епидемии, но овие мерки не можат да ги исклучат и наведените влијанија.

Согласно член 10 и 11 од Законот за заштита и спасување - Пречистен текст (Службен весник на Република Македонија бр.93/12), заради организирано спроведување на заштитата и спасувањето, учесниците во системот на заштитата и спасувањето, донесуваат план за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, кој се изработува врз основа на процената на загрозеност од природни непогоди и несреќи.

1.Закон за заштита и спасување(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21)

2.Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл. весник на Република македонија бр.76/06)

3.Закон за управување со кризи(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21)

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2059/9
29.10.2024 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**8.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на План за заштита и спасување од природни непогоди и
други несреќи на Општина Ресен

Се објавува План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Општина Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 29.10.2024 година.

Бр.09-2133/8
31.10.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

# ОПШТИНА РЕСЕН

## ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

СОДРЖИНА:

1.**Просторни сили за заштита и спасување на Општина Ресен**…...................................................................................ст.4
2.**План за евакуација**……………………………………………...ст.5
2.1Потсетник за употреба на Планот и постапки за евакуација…………………………………………………..ст.6
2.2 Превентивни мерки…………………………………....ст.8
2.3 Оперативни мерки(стандарна оператина процедура)…ст.9
2.4 Мерки и активности кои се превземаат по завршување на евакуацијата…………………………………………………ст.10
2.5 Евакуација на материјални добра…………….………ст.11
2.6 Засолнување на вработените, останатите лица кои се наоѓаат во објектот и материјалните добра..………………ст.12
2.7 Згрижување на евакуираните лица……..………………ст.13
3.**План за заштита и спасување од пожари**…………..……….ст.14
3.1Потсетник за употреба на Планот за заштита и спасување од пожари…………….……………………………………..ст.15
3.2 Превентивни мерки за заштита и спасување од пожари……………………………………………………...ст.15
3.3 Уредување на површините и објектите во функција на заштита и спасување………………………………………ст.16
3.4 Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување од пожари……………………………..ст.16
3.5 Оперативни мерки за заштита од пожари (Стандардна оперативна процедура)……………………………………ст.17
3.6 Активности и мерки за време на траење на опасноста-пожарот…………………………………………………..ст.17
3.7 Мерки за отстранување на последиците………………...ст.18
4. **План за прва медицинска помош**…………………………...ст.19
4.1Потсетник за употреба на Планот за прва медицинска помош……………………………………………………ст.20
4.2 Превентивни мерки……………………………………ст.20
4.3Оперативни мерки (стандардна оперативна процедура)..ст.21
4.4Мерки за отстранување на последиците…………………ст.21
5. **План за радиолошка, хемиска и биолошка заштита**………..ст.23
5.1Потсетник за планот за радиолошка, хемиска и биолошка заштита…………………………………………………...ст.24
5.2Превентивни мерки……………………………………..ст.24
5.3Оперативни мерки (стандардна оперативна процедура)..ст.24
5.4Мерки за отстранување на последиците…………………ст.25
6.**План за заштита и спасување од урнатини**………………...…ст.26

6.1Потсетник за планот за заштита и спасување од урнатини……………………………………………………ст.27
6.2Превентивни мерки……………………………………..ст.27
6.3Оперативни мерки (стандардна оперативна процедура)..ст.27
6.4Мерки за отстранување на последиците…………………ст.28
7. **План за заштита и спасување од поплави**…………………...ст.29
7.1 Потсетник за планот за заштита и спасување од поплави…………………………………………………...ст.30
7.2 Превентивни мерки………………………………………ст.30
7.3 Оперативни мерки (стандардна оперативна процедура).ст.30
7.4 Мерки за отстранување на последиците………………...ст.31
8.**Асанација на теренот**……………………………………......ст.31
9.**Прилози кон планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи**............................................................ст.32

# 1.ПРОСТОРНИ СИЛИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Заради заштиа и спасување на лугето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи, во мир и војна, како и одстранување на последиците предизвикани од нив, се формираат просторни сили за заштита и спасување.

Општиа Ресен има формирано Просторните сили за заштита и спасување со Одлука на Совет на Општина Ресен со бр.08.456/7 од 28.02.2018 година, која редовно се ажурира.

Просторните сили за заштита и спасување од оваа Одлука ќе бидат организирани како Универзална единица за заштита и спасување, со формациски состав – вод, кој ќе брои 30 лица.

Универзалната единица од оваа Одлука ќе се опремува, обучува и оспособува за следните мерки за заштита и спасување:

- Гаснење на помали почетни пожари
- Спасување од поплави
- Прва медицинска помош
- Евакуација и згрижувње на населението
- Други мерки за заштита и спасување што би се појавиле како специфични и непредвидени со оваа Одлука

Со универзалната единица за заштита и спасување на Општина Ресен ќе раководи Штаб за заштита и спасување, кој е формиран со Одлука бр.11-885/1 од 06.04.2024 година, а командува командир на единицата.

Стручна помош во работата на Штабот за заштита и спасување на Општина Ресен, ќе дава ДЗС – Подрачно одделение за заштита и спасување Ресен.

Во наредниот период е неопходно да се планира, организира и реализира обука со овие сили за ЗиС (универзална единица за З и С) за да можат да бидат вклучени во извршување на задачи од ЗиС на и успешно извршување на нивните наменски задачи.

Силите за заштита и спасување да можат ефикасно да дејствуваат и успешно да ги извршуваат наменските задачи неопходно е да се опремат со МТС и опрема согласно постојната систематизација и да се реализира повеќедневна обука. Само тогаш ќе можеме да зборуваме за подготвеност на Штабот и единиците да се ангажираат и успешно да ги извршуваат задачите за ублажување на евентуалните последици или санирање на состојбите од некоја природна непогода или други несреќи кои можат да се случат на територијата на Општина Ресе

# 2.ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА

Евакуацијата подразбира планско, организирано, контролирано и привремено преместување на вработените и материјалните добра, од потенцијално загрозеното или веќе загрозеното подрачје, на помалку загрозено или потполно безбедно подрачје. Со овој план неопходно е да се дефинираат силите и материјално - техничките средства како и начинот на употреба на истите при спроведувањето на мерката евакуација.

Евакуацијата од Општинската зграда на Општина Ресен, се спроведува по проценка и со одлука на началникот на Штабот за заштита и спасување или командирот на Универзалната единица, во услови кога со други заштитни мерки не можат да се спречат последиците за луѓето и материјалните добра, предизвикани од природни и други несреќи, а со нивното останување на загрозениот простор се очекуваат големи загуби.

Командирот оваа акција ја презема во согласност со Штабот или на своја волја ако процени дека опасноста може да донесе несакани последици ако не се реагира брзо.

## 2.1Потсетник за употреба на Планот и постапки за евакуација

Планот по мерката за евакуација опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерката евакуација.
Евакуација во Општина Ресен  се превзема во случај на техничко-технолошки катастрофи во процесот на вршење на дејноста или природни и други непогоди, а со цел да се обезбеди планско, организирано и контролирано преместување на вработените и МТС од потенцијално загрозени или веќе зафатени области-подрачја во помалку загрозени или потполно безбедни објекти-подрачја.

Во услови на природни и други несреќи, евакуацијата и спасувањето на загрозените лица имаат приоритет пред сите други мерки и активности.

Евакуацијата и спасувањето треба да се извршат брзо и ефикасно, без да се предизвика страв и паника кај лицата кои што треба да се евакуираат.

По утврдената проценка за потребата од евакуација, командирот на универзалната единица за спроведување на евакуација т.е. на Универзалната единица треба да утврди:

- каде се наоѓаат загрозените лица (во кој дел од објектот), - колку лица се загрозени,
- во каква состојба се загрозените лица (дали можат самостојно да се движат, колку лица се неподвижни и дали им е потребна помош, дали евентуално ги зафатила паника и сл.),

- кои лица приоритетно треба да се евакуираат и нивниот број,
- дали при евакуацијата евентуално се заканува некоја опасност и за каква опасност станува збор (опасност од пожар, зачадување, препречување на патот или друга опасност),
- патиштата преку кои ќе се спроведе евакуацијата,
- прифатот на евакуираните лица и нивно евидентирање, - превоз на евакуираните и нивното згрижување.

По утврдувањето на сите потребни податоци, Командирот на Универзалната единица за заштита и спасување издава наредба за евакуација на останите членови на силите за заштита и спасување. Со наредбата се дефинира:

- кој треба да се вклучи во извршувањето на оперативните активности за евакуацијата,
- колку лица треба да се евакуираат,
- кои лица имаат приоритет за евакуација,
- како треба да се изврши евакуацијата,
- по кои патишта да се врши евакуација,
- местото за прифат на евакуираните лица,
- лицата за прифат и евиденција на евакуираните и
- превозот на евакуираните лица.

При донесувањето на одлуката за спроведување на евакуацијата рангот на приоритет е следниот:

- жените трудници (доколку ги има),
- повредените и повозрасните вработени и посетители,
- останатите присутни во објектот.

Обврзниците на силите за заштита и спасување вклучени во извршување на евакуацијата, постапуваат на следниот начин:

- на лицата кои што самостојно можат да се движат, им се покажува насоката за движење по патот за евакуација, придружувајќи ги до излезот,
- повредените се евакуираат со носење на раце,
- на лицата на кои што за движење им е потребна помош, им се обезбедува придружба од обврзниците на силите за заштита и спасување или придружба од вработените во објектот,
- неподвижните лица се евакуираат на соодветни санитетски носила и утврдените стандарди.

Евакуацијата ја извршуваат обврзниците на силите за заштита и спасување на објектот.

Евакуацијата од објектот – Општинска зграда на Општина Ресен треба да се изведува согласно плановите за евакуација дадени во прилог на овој План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Евакуацијата ќе се извршува по најкусите и безбедни патишта.
Планот се работи и на карта со потребни шеми и прегледи.
Евакуација може да се изврши пред настанување на опасноста (навремена) или

по појава на опасноста

Податоци од променлив карактер кои се внесуваат во прегледите и табелите (имиња, количини, средства и друго) може да се внесуваат и со молив.

Податоците во Планот треба да се ажурираат континуирано, најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто односно веднаш.

## 2.2 ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ

Во функција на превенција се превземаат следниве мерки:

- **Изработка и ажурирање на плански документи**

- **Запознавање со планот за евакуација, одговорноста и ставање на располагање на потребна опрема**

- **Утврдување средства, сигнал и постапка за тревожење**

  Сигналот за евакуација се дава со ѕвонење долго испрекинато и усно со сигнал **ТРЕВОГА-ЕВАКУАЦИЈА**

- **Утврдување на патишта за евакуација:**

  На приземје канцелариите од бр.1 до бр.19, евакуација пеку ходник до собирно место.

  На прв кат канцелариите од бр.38 до бр.50, евакуацијата се врши преку ходник и скали до собирно место.

  На втор кат канцелариите од бр.58 до бр.71, евакуацијата се врши преку ходник и скали до собирно место

**Напомена:** Патиштата и правците за евакуација со зелени стрелки се прикажуваат и на шемата која е во прилог на планот.

Доколку се затекне некој во празните простории ќе ги користи наведените правци за тој кат.

- **Запознавање на вработените со постапката за евакуација, патишта и правци за евакуација.**

- **Се поставуваат табли - Известувања**
- **Изведување на практични вежби на вработените согласно планот за евакуаација треба да се изведува најмалку еднаш во две години, согласнос Закон за безбедност и здравје при работа**
- **Одржување на проодноста на патишта за евакуација**

Патиштата за евакуација се одржуваат секогаш проодни и во нивна близина се забранува складирање на лесно запаливиматеријали.

- **Склучување на потребни договори согласно Закон за заштита и спасување и Закон за безбедност и здравје при работа**
- **Обука на одреден број на работници за евакуација и спасување (по еден на 20 вработени) согласно Законот за безбедност и здравје при работа**

## 2.3 ОПЕРАТИВНИ МЕРКИ (Стандардна оперативна процедура)

Во функција на оперативните мерки се превземаат следниве активности:

**а)** ***Мерки и активности кои се превземаат во случај на непосредна опасност***

- **Прибирање на податоци за можна опасност**

- **Евакуација на вработени пред настанување на опасноста**
  Се изведува доколку постои потенцијална можност за прелевање на опасност од соседен објект или појавена несреќа на ист објект, а текот на настанот е таков да е неопходна евакуација за да се навремено спасат вработените и МТС.
- **Ажурирање на планот за евакуација**
- **Проверка на исправноста на потребните технички средства**

***б) Мерки и активности кои се превземаат за време на опасността***

- **Известување и евакуација**

По дознавање на настаната опасност веднаш се дава сигнал за **опасност-Евакуација.**

Лицето задолжено за спроведување на евакуација ги превзема неопходните мерки за изведување на евакуација на сите вработени, пружање помош, давање упатства и последен го напушта местото.

- **Вработените и другите затекнати лица во најголем ред и без паника ги напуштаат загрозените објекти**
- **На местото за прифат се врши проверка на бројот (присатноста) на вработените со цел да се види дали сите се евакуирани (за да не остане некој во загрозените објекти)**

- **Прифат на евакуирани лица и давање на прва медицинска помош**

и други вработени кои ке се затекнат на лице место

- **Исклучување на елетричната енергија во објетктот**
- **Лица задолжени за евакуација на МТС вршат евакуација на МТС на безбедби места, а по завршување на евакуација на вработените.**
- **Физичко обезбедување на објектот**
- **Барање на помош-известување до итни служби**

**Единствен број за итни случаи - 112**

***2.4* Мерки и активности кои се превземаат по завршување на евакуацијата**

- **Воспоставување на нормалниот работен процес**
- **Анализа на спроведувањето на евакуацијата**

Рок: 4 часа од завршување на евакуацијата

- **Доставување извештај од анализата до подрачно одделение за заштита и спасување – Ресен**

Рок: 2 дена од завшување на евакуацијата

**1.Преглед на број на лица предвидени за евакуација**

| Ред бр. | Категорија на лица | Број на лица по објекти | | Вкупно | Место на собирање | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Градоначалник Секретар вработени | Административна зграда | 80 | 80 | Собирно место бр.1 и бр. 2 | |
| | | | | | | |

9

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |

1. **Преглед на собирни места**

| РБ. | Место |
|---|---|
| 1. | Пред влез на зградата |

## 2.5 Евакуација на материјални добра

Евакуација на материјални добра зависи пред сè од типот на природна непогода. На пример при земјотреси, брзи пожари и други непогоди кои не можат да се предвидат нема многу услови за евакуација на материјалните добра.

За разлика од овие непогоди, при поплави и некои други непогоди кои бавно се одвиваат и можат да се предвидат, може да се изврши евакуација на материјалните добра со службените или однапред определени транспортни возила на Единицата на локалната самоуправа – Општина Ресен.

Ќе се евакуираат пред сè материјалните добра кои се од големо значење и од потреба за работниот процес, на пример: компјутерите (сервери), регистрите со документација, а потоа останатите предмети.

Збирно место при евакуацијата е во влез пред зграда на Општина Ресен.

### 2.5.1Преглед на материјални добра кои се евакуираат

| Ред бр. | Материјални добра кои се евакуираат | Коли-чина | Кој ги евакуира | Каде се евакуираат | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|

10

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Документи | сите | Лица за евакуација на МТС | Собирно место бр. 1 | |
| 2. | Компјутери | 87 | Лица за евакуација на МТС | Собирно место бр. 1 | |
| 3. | Лаптопи | 32 | Лица за евакуација на МТС | Собирно место бр. 1 | |
| 4. | Сервер | 3 | Лица за евакуација на МТС | Собирно место бр. 1 | |

**2.6 Засолнување на вработените, останатите лица кои се наоѓаат во објектот и материјалните добра**

Засолнувањето на населението и материјалните добра во Општината ќе се организира и спроведува во постојните засолништата на станбените и деловните објекти, со прилагодување на постојните погодни објекти (простории) за засолнување и со планирање на изградба на заштитни објекти (рововски засолништа и засолни).

Засолнувањето на материјалните добра се решава посебно во рамките на претпријатијата, јавните установи и служби. Сите претпријатија, јавни установи и служби ги спроведуваат мерките за засолнување во согласност со сопствените потреби и услови за заштита на луѓето и материјалните добра, и обезбедуваат минимум средства за лична и колективна заштита.

Ако нема поголеми разурнувања и други опасности граѓаните ги напуштаат засолништата и другите безбедни места, се враќаат во своите домови и на работните места и се вклучуваат во акциите за заштита и спасување, кои ги спроведуваат единиците за заштита и спасување.

## 2.7 Згрижување на евакуираните лица

Со оглед на фактот дека Општина Ресен е загрозена од различни видови природни непогоди и други несреќи од поголем обем, кои може да предизвикаат сериозни последици врз населението, се наметнува потребата од преземање мерки и активности за згрижување на настраданото и загрозеното население.

Згрижувањето преставува мерка за заштита и спасување со која се обезбедува прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на населението, кое при појава на природни непогоди и други поголеми несреќи останало без основни средства и услови за живот.

Во такви случаи, Општина Ресен во соработка со другите државни органи е должна да обезбеди сместување на загрозените и настраданите во погодни објекти за таа намена и да извршат нивно медицинско згрижување.

Општина Ресен располага со објекти во јавна употреба, кои можат да се користат за сместување, исхрана и здравствено згрижување на настраданото и загрозеното население

## 3.ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ

13

## 3.1Потсетник за употреба на Планот за заштита и спасување од пожари

Планот за ЗС од пожари при Општина Ресен е наменет за ефикасно превентивно и оперативно дејствување во заштита и спасување од пожари. Планот е изработен врз реални факти и показатели. Податоците во Планот треба да се ажурираат континуирано, најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто односно веднаш.

## 3.2 Превентивни мерки за заштита и спасување од пожари

Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа.

Се преземаат следниве активности:

а. Ажуририрање и дополнување на планските документи.

б. Набавка, контрола, одржување и сервисирање на МТС и опрема за гасење и заштита од пожари

в. Придржување кон законските одредби кои ја регулираат областа за заштита и спасување од пожари пред се:

- Законот за заштита и спасување од пожари дел за ППЗ
- Подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон а се однесуваат на ПП апаратите, хидрантите и другата ПП опрема и средства за гасење на пожари, односно уредите и инсталациите за заштита од пожари,
- Закон за безбедност и здравје при работа

г. Соодветна обука на вработените за заштита од пожари (по 1 на20 лица)

д. Истакнување на видливи места на знаци и натписи за:

- предупредување за можни опасности
- постапка во случај на опасност

ѓ. Редовна контрола на поставеноста и исправноста на ПП апаратите оd страна на задолжен вработен

е. Редовно сервисирање и проверка на исправноста на ПП апаратите од страна на овластено правно лице

ж.Редовно одржување, сервисирање и испитување на уредите и инсталациите за откривање и гасење на пожари – кај овластено правно лице.

з. Проверка на исправност, комплетност и притисок кај хидранти.

s. Редовна дератизација на просториите каде глодари можат да дојдат во допир со кабли со струја.

Наведените и други потребни активности се вршат согласно План-распоред за одржување, контрола, испитување и сервисирање на опрема и инсталации.

### 3.3 Уредување на површините и објектите во функција на заштита и спасување

При изработка на проекти и при изградба и реконструкција на објекти мерките за ЗП се применети врз основа на нормативите и стандардите за системот за заштита и спасување и стандартите и нормативите за уредување на просторот

а. Обезбедување противпожарни пречки

б. Вградување на потребна громобранска инсталација

в. Вградување на потребна инсталација за заземјување

г. Запознавање на нормативи при вградување на резервоари и инсталации со запаливи течности и гасови

д. Запознавање на нормативи при вградување на електрична инсталација

ѓ. Вградување на уреди и инсталации за откривање и гасење пожари

### 3.4 Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување од пожари

а. Одредување едно или повеќе стручни лица за безбедност, согласно Законот за безбедност и здравје при работа

б. Одредување доволен број оспособени лица од редот на вработените кои ќе можат ефикасно да реагират во случај на појава на пожар .

в. Одредување начин на тревожење и известување на вработените.

г. Поставување табли–натписи со известување за начинот за тревожење и предвидената постапка за во случај на пожар се поставуваат на следниве места:

- заедно со таблите за евакуација

**3.5 Оперативни мерки за заштита од пожари**

(Стандардна оперативна процедура)

**Активности и мерки во случај на непосредна опасност**

а. Прибирање податоци за можната опасност и засилено набљудување на објектите и површините

б. Ажурирање и доградување на планските документи

в. По потреба обезбедување дополнителни материјални ресури

г. Проверка на исправноста на опремата, средствата и инсталациите за заштита од пожари.

**3.6 Активности и мерки за време на траење на опасноста-пожарот**

а. Навремено тревожење на вработените – долго испрекинато звонење

б. Вработените кои ќе се затечат на местото на пожарот веднаш пристапуваат кон гасење на пожарот со ПП апарати, хидранти и други формациски и прирачни средства (песок, земја, кебиња...)

в. Прекинување на доводот на струја ( главна склопка, трафостаница )

г. Повикување на територијалната противпожарна единица ( тел. 193 )

д. Евакуација на вработените и другите присутни, корисници на услуги и други) до безбедно место.

- Се врши согласно Планот за евакуација

ѓ. Разместување и евакуирање на материјални добра кои можат да бидат загрозени со ширење на пожарот, согласно План за евакуација .

е. Укажување прва медицинска помош на повредени, изгорени и затруени со чад и преземање натамошна постапка за нивно згрижување во здравствени установи

ж. Обезбедување дотур на вода

Дотур на вода за гасење ќе се врши преку хидранти и водоводна инсталација

з. Отстранување на леснозапаливи предмети и материјали

ѕ. Доставување известување до Центар за управување со кризи за настанот, последиците и преземените мерки /тел.112/

### 3.7 Мерки за отстранување на последиците

а. Санација на објектите и површините зафатени од пожар
б. Анализа на спроведувањето на евакуацијата
Рок :4 часа по завршување на активноста.

в. Доставување извештај за спроведување на евакуацијата до Подрачно одделение за заштита и спасување.
Рок: 2 дена по завршување на активноста.

г. Процена на штетите и последиците од пожарот и доставување на извештај за утврдената штета до комисијата што ја формира Владата на РМ
Почеток на активноста: Веднаш
Рок за завршување: 60 дена

д. Доставување на извештај за утврдената штета од Комисија што ја формира Владата на РМ.
Рок: 30 дена

**Преглед на потенцијалните објекти, постројки и апарати за предизвикување на пожар**

| Рб. | Локација | Вид на запалив материјал , постројки или предмети кои можат да предизвикаат пожар | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | Сите простории | Неисправна електрична инсталција | |
| 2. | Сите простории | Грејни тела | |
| 3. | Бифе | Електрични апарати | |
| 4. | Кабинет | Електрични апарати | |
| 5. | Сите простории | Временски непогоди – Гром | |
| 6. | Сите простории | Човечко невнимание | |
| 7. | | | |
| 8. | | | |

## 4. ПЛАН ЗА ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

## 4.1 Потсетник за употреба на Планот за прва медицинска помош

Иако може да се очекува брзо пристигнување на стручна медицинска помош и повредените лица брзо да се транспортираат до најблиската здравствена установа, сепак од непроценлива важност е познавање на основните работи за давање прва помош од страна на вработените во Единицата на локалната самоуправа – Општина Ресен.

Имајќи ги во предвид сите видови опасности потребно е објектот навремено и редовно да се опремува и обучува со средства за прва медицинска помош кои можат да бидат прирачни и специјални.

Потребен е посебен ангажман за обезбедување на неопходна санитетска опрема.

Задолжително запознавање на вработените со какви средства се располага и каде овие средства се чуваат и начинот на нивната употреба.

ПМП се спроведува со цел спасување на животот на повредените и спречување на инвалидитет. Таа се дава на лице место каде што ќе се затече повреденото лице.

Планот за прва медицинска помош при Општина Ресен е наменет за ефикасно превентивно и оперативно дејствување за пружање прва медицинска помош. Планот е изработен врз реални факти и показатели. Податоците во Планот треба да се ажурираат континуирано, најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто односно веднаш.

## 4.2 Превентивни мерки

Се преземаат навремено и континуирано заради ефикасно спроведување во случај на активирање на оперативните мерки.

а. Оспособување на вработените за пружање прва помош, одржување вежби

б. Обезбедување неопходни количини на санитетски средства, лекови и помагала и нивно одржување во исправна состојба, односно рок на траење

в. Обезбедување обука на потребен број вработени за давање прва медицинска помош, согласно Законот за безбедност и здравје при работа(по еден на 20 вработени)

г. Определување собирни места за повредени.

- Пред општинска зграда

д. Склучување на потребни договори утврдени со Законот за заштита и спасување.

**4.3 Оперативни мерки (стандардна оперативна процедура)**

а. Сите повредени веднаш се пренесуваат до собирните места. Доколку е можна прва помош им се пружа на самото место на повредување. Повредените се пренесуваат по патиштата предвидени за евакуација.

б. Пружање прва помош на собирното место.

в. Во акцијата за пренесување на повредените се користат и прирачни средства (врати, возила и на раце). Се овозможува пристап до лековите, санитетскиот материјал и другите формациски и прирачни средства.

Клучевите од моторните возила се наоѓат кај возачи.

г. Повикување итна помош ( телефон ) 112.

д. Превезување на повредените до медицински установи (брза помош и ургентен центар, односно, хирургија).

**4.4 Мерки за отстранување на последиците**

ѓ. По завршување на активностите, врз основа на водената евиденција за истата раководниот персонал во рок од четири часа го анализира давањето на првата медицинска помош.

е.Доставување известување до ЦУК за настанот, за настанот, последиците и за преземените мерки на телефон 112

ж.Доставување извештај за спроведување на првата медицинска помош до Подрачно одделение за заштита и спасување. Рок: 2 дена по завшрување на активностите

**Преглед на собирни места за прифаќање на повредените**

| Собирно место | Резервно собирно место (во случај на оштетување на собирното место) | Објекти од кои се прифаќаат повредените | Правец на евакуација | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| Голема Сала | Влез пред | Сите објекти | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | зграда | | | |
| Мала Сала | Влез пред зграда | Сите објекти | | |

21

## 5. ПЛАН ЗА РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

22

## 5.1 Потсетник за планот за радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последици од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Планот за планот за радиолошка, хемиска и биолошка заштита при Општина Ресен е наменет за ефикасно превентивно и оперативно дејствување во случај на радиолошка, хемиска и биолошка катастрофа. Планот е изработен врз реални факти и показатели. Податоците во Планот треба да се ажурираат континуирано, најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто односно веднаш.

## 5.2 Превентивни мерки

Со цел спречување на евентуална хемиска контаминација преземени се следните превентивни мерки:

- при изведување на процесот на работа се земени во предвид сите барања за заштита при работа,
- соодветна заштита на материјалите кои што се лесно запаливи,
- во објектот има поставено пп апарати.

Од преземените превентивни и предложените мерки може да се заклучи дека речиси е невозможно настанување на хемиска контаминација како резултат на редовното работење и изведување на дејноста од Административната зграда на Општината.

Потребата од РХБ заштита доаѓа поради можноста од хаварии на нуклеарни централи во соседните држави како и несреќи во фабрики кои работат со опасни материи.

## 5.3 Оперативни мерки (стандардна оперативна процедура)

Заштита на вработените кои се затекнале во објектот во моментот на настанување на РХБ опасноста:

- затворање на прозори, врати и сите други отвори како би се спречило влегувањето на контаминирани честички од надвор.

- употреба на РХБ заштитни средства и опрема со кои располага претпријатието, а ако нема такви, покривање на отворените делови од телото со облека, ставање на влажни марами околу устата и сл.

- чекање на сигнал од Дирекцијата за ЗС кога да се изврши евекуација и на кој начин,

- евакуација и брзо напуштање на објектот доколку било каква несреќа се заканува на соседните објекти,

- при евентуален пожар преземање на мерки со цел негово локализирање и гаснење, односно треба да се направат напори пожарот да не ги зафати соседните објекти,

- знаци за предупредување и опасност вработените треба да им дадат и на вработените во соседните објекти за и тие да преземат превентивни мерки со цел заштита од опасности.

### 5.4 Мерки за отстранување на последиците

Единиците за заштита и спасување од локалната самоуправа ги имаат следните задолженија:

- го одредуваат степенот на контаминација на луѓето и средствата;

- за помалку загрозените вршат само деконтаминација на пропишан начин и продолжуваат со активности за заштита и спасување и

- за потешко контаминираните се згрижуваат, им се укажува ПМП, примарна деконтаминација, им се даваат средства за лична заштита и се упатуваат во најблиската скривница или на друго побезбедно место.

## 6.ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

## 6.1 Потсетник за планот за заштита и спасување од урнатини

Планот за заштита и спасување од урнатини опфаќа мерки и активности за заштита од уривање на објектите, извидување на урнатината, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетувањето и поместените делови на објектите заради дополнително уривање, преземање на мерки од задолжителни опасности, извлекување на затрупаните, укажување на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

Со цел отстранување и намалување на опасностите и последиците врз вработените, посетителите и другиот ангажиран персонал и материјалните добра во објектот – Општинска зграда на Општина Ресен од уривање потребно е преземање на превентивни и оперативни мерки како и мерки за отстранување на последиците. Планот е изработен врз реални факти и показатели. Податоците во Планот треба да се ажурираат континуирано, најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто односно веднаш.

### 6.2 Превентивни мерки

Како превентивни мерки се сметаат:

- едукативни мерки преку посебни едукативни предавања за запознавање со мерките и постапките во случај на земјотрес. За ова е потребно соработка со сите вработени и ако е потребно со подрачното одделение за заштита и спасување,

- намалување на ризикот од инвентар, спречување пренатрупаност и обезбедување слободни излези,

- психолошка подготовка - упатување на вработените за карактерот на земјотресите и што треба да направат во случај на настанување,

- материјали и средства - ефикасни за реализација на мерките за заштита и спасување. За тоа е потребно медицински материјал за прва помош, средства за ПП заштита, алат и средства за извлекување и спасување од урнатини, батериски ламби и апарати за комуникација.

### 6.3 Оперативни мерки (стандардна оперативна процедура)

Во случај на појава на урнатини од било кој обем и вид, заради заштита на вработените, посетителите и другиот ангажиран персонал и материјалните добра во објектите се организираат и спроведуваат следните оперативни мерки за заштита и спасување:

- извидување на урнатината,

- пронаоѓање на затрупани лица во урнатината,

- осигурување на оштетените и поместените делови од конструкцијата,

- спасување на затрупаните лица и извлекување надвор од зоната на урнатините и укажување на прва медицинска помош,

- транспорт на повредените до здравствените установи на територијата на Општина Ресен.

### 6.4 Мерки за отстранување на последиците

Во случај на евентуално настанување на урнатини и рушевини, со расчистувањето на истите субјектот ќе бара помош и од надлежните институции на општината и подрачното одделение на Дирекцијата за заштита и спасување.

## 7.ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ

### 7.1Потсетник за планот за заштита и спасување од поплави

Административната зграда на Општина Ресен со својата местоположба не е загрозена од поплави во поширок обем, но можни се поплави од обилни врнежи и појава на силно невреме, како и помали инциденти од поплавување преку канализационата мрежа или водовод.

Со цел отстранување и намалување на опасностите и последиците врз вработените, посетителите и другиот ангажиран персонал и материјалните добра во објектот – Општинска зграда на Општина Ресен од поплави потребно е преземање на превентивни и оперативни мерки како и мерки за отстранување на последиците. Планот е изработен врз реални факти и показатели. Податоците во Планот треба да се ажурираат континуирано, најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто односно веднаш.

### 7.2Превентивни мерки

Во превентивни мерки спаѓаат:

- набавка на вреќи за правење одбранбен насип околу објектот,
- набавка на пумпа за извлекување на вода,
- редовна контрола и одржување на канализационите и водоводни инсталации во и околу објектот во исправна и функционална состојба,
- поставување на неповратни вентили (клапни) за канализациона и атмосферска одводна мрежа,
- правовремена евакуација на вработените кои се загрозени и материјалните добра како и формирање на сили за заштита и спасување,
- изградба, одржување и санирање на оштетените објекти за заштита од поплави, набљудување.

### 7.3Оперативни мерки (стандардна оперативна процедура)

Оперативните мерки содржат:

- правење одбранбен насип со вреќи со песок и друг фортификациски материјал околу објектот (онаму каде што е

потребно) или отворите на објектот доколку му се закaнува опасност од околниот терен,

- затварање на главниот вентил за довод на вода од водоводната инсталација,

- затварање на неповратните клапни на канализационата и атмосверска одводна мрежа,

- испумпување и исфрлање на навлезената вода во простории од објектот со расположливите средства и

- евакуација на материјалните добра, документација, кај кои постои опасност да бидат зафатени од разлеаната вода,

- обезбедување на објектот со воведување на дежурство од страна на вработените,

**7.4Мерки за отстранување на последиците**

- после поплавата од комуналните претпријатија да се бара чистење и санација на канализациониот систем.

**8.Асанација на теренот**

Асанацијата на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите, како и асанација на објектите за водоснабдување.

Со цел успешно справување со опасностите и последиците предизвикани од природните непогоди и други несреќи, потребно е во асанацијата на теренот да се ангажираат сите задолжени субјекти кои согласно надлежностите и делокругот на работа имаат обврски на тој план. Задачите на субјектите во однос на асанацијата на теренот се во директна зависност од видот и обемот на природната непогода, како и од последиците кои би биле предизвикани.

Кон постапување по овие мерки, кои не се во контекст на дејноста на Единицата на локалната самоуправа – Општина Ресен ќе се придржува кон Плановите донесени од другите субјекти во системот за заштита и спасување, односно ќе се придржува на Плановите за асанација на теренот за Општината Ресен, а вработените се должни да побараат помош за асанација на теренот од надлежните

институции во општината како и од Подрачното одделение на Дирекцијата за заштита и спасување.

# 9.ПРИЛОЗИ КОН ПЛАНОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

Преглед на персоналниот состав на Штабот за заштита и спасување на Општина Ресен

| Ред. број | Име и презиме | Функција-Должност | Тел. За контакт |
|---|---|---|---|
| 1. | Градоначалник<br>Јован Тозиевски | Командант на Штабот | 070688864 |
| 2. | Секретар<br>Зоран Кипревски | Началник на Штабот | 071810222 |
| 3. | Митко Митревски | Помошник на Началникот за оперативни работи | 071522986 |
| 4. | Златко Чаталовски | Помошник на Началникот за мерки за заштита и спасување | 071288949 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Миха Догу | Помошник на Началникот за хуманитарни и технички мерки | 070217214 |

Преглед на персонлен состав на универзалната единица за заштита и спасување на Општина Ресен

| Ред. Бр. | Име и презиме | должност | адреса | Телефон службен | Телефон мобилен | Образование занимање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Команда на водот** | | | | | | |
| 1. | Гоце Настевски | командир | ул. 4-та бр.46 | | 275243259 | ВСС |
| 2. | Науме Јошевски | Заменик командир | С. Дрмени | | 078522202 | ВСС |
| 3. | Борче Проевски | Возач | Ул."Борис Кидрич" бр.55 | | 078253424 | ССС |
| 1. **Одделение за ПМП** | | | | | | |
| 4. | Благоја Китановски | командир | С. Јанковец | | 070748286 | ВСС - Доктор |
| 1. Екипа ПМП | | | | | | |
| 5. | Јаким Стојчевски | водител | Ресен | | | ВСС - Доктор |
| 6. | Весна Мицалевска | извршител | Ресен | | | Мед. сестра |
| 7. | Соња Темелковска | Извршител | Ресен | | | Мед. сестра |
| 8. | Илче Божиновски | возач | С. Јанковец | | 077597585 | ССС |
| 2. Екипа Расчистување од урнатини | | | | | | |
| 9. | Булент Сулооџа | водител | ул. "Наум Веслиевски" Бр.57 | | 075356111 | ВСС |
| 10. | Тодор Китевски | извршител | ул."Михајло Бочкаровски" бр.65 | | 070375779 | ВСС |
| 11. | Јонче Цветковски | извршител | ул. "29 Ноември" бр. | | 071331158 | ВСС |

32

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 252 | | | |
| 3. Екипа Згрижување на загрозено и настрадано население | | | | | | |
| 12. | Крсте Мицалевски | водител | ул.”Преспанска” бр.2 | | 078403074 | ВСС |
| 13. | Панде Јовановски | извршител | с. Јанковец | | 078407047 | ССС |
| 14. | Љубе Јовановски | извршител | с. јанковец | | 078536549 | ССС |
| 15. | Јован Ставревски | Извршител | ул. “29-ти Ноември” бр.75 | | 078300112 | ВСС |
| **2. Одделение за ППЗ** | | | | | | |
| 16. | Никола Шушевски | Командир | с. Подмочани | | 070935396 | ВСС |
| 1. Екипа ППЗ | | | | | | |
| 17. | Даниел Димески | Водител | ул. “Борис Кидрич” бр.9/17 | | 070385320 | ВСС |
| 18. | Борче Лазаревски | Извршител | с. Царев двор | | | ССС |
| 19. | Тони Џеповски | Извршител | с. Езерени | | | ССС |
| 20. | Горан Стојановски | Извршител | ул.”11-ти Септември” бр.103 | | 078838080 | ССС |
| 2. Екипа за деконтаминација | | | | | | |
| 21. | Михајло Кочовски | Водител | ул.”Преспанска” бр.5 | | 070261340 | ССС |
| 22. | Мирлин Елмазовски | извршител | ул.“Бигла” бр.17 | | 078536549 | ССС |
| 23. | Ѓорѓи Ставревски | Извршител | ул.“Борис Кидрич” бр.12/16 | | 070385566 | ВСС |
| 24. | Драги Тасевски | Извршител | с. Волкодери | | 070342494 | ВСС |
| | | | | | | |
| 3. Екипа за Асанација на Терен | | | | | | |
| 25. | Кирил Тански | водител | с. Царев Двор | | 078259294 | ВСС |
| 26. | Миле Чадевски | Извршител | ул. “Мите Богоевски” бр. 7 | | 078842202 | ВСС |
| 27. | Стивен Поповски | Извршител | ул.”Димитар Божиновски” Бр.73 | | 072271840 | ССС |
| 28. | Цветан Карапалевски | Извршител | с. Волкодери | | 072777947 | ССС |
| **3. Одделение за Поплави** | | | | | | |
| 29. | Иванчо Марически | Водител | с. Јанковец | | 078291065 | ВСС |
| 1. Екипа | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 30. | Аријан Лумани | извршител | с. Крани | | 071353908 | ВСС |
| 31. | Васиљ Васиќ | извршител | ул.”Славејко Арсов” бр.58 | | 070797384 | ССС |
| 32. | Златко Пандевски | извршител | ул. “Јосиф Јосифовски” бр.8/3-10 | | 078350120 | ССС |
| 33. | | | | | | |
| 34. | | | | | | |
| 35. | | | | | | |

Преглед на субјекти со кои ќе соработува Општина Ресен

| Ред. број | Назив на субјектот | Телефон |
|---|---|---|
| 1. | Брза помош -Ресен | 194 |
| 2. | ТППЕ - Ресен | 193<br>078270282 |
| 3. | МВР - ПС - Ресен | 192 |
| 4. | Дирекција за заштита и спасување – ПО Ресен | 071288914 |
| 5. | Регионален центар за справување со кризи – ПО Ресен | 072647383 |
| 6. | ОК Црвен Крст - Ресен | 047452575 |
| 7. | ЈКП Пролетер - Ресен | 047451643<br>075208969 |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | ЈЗО Здравствен дом - Ресен | 071512804 |
| 9. | ЈП Национални Шуми - Ресен | 070249710 |

Преглед на План за евакуација

35


ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА И РАСПОРЕД НА ПП АПАРАТИ
ОПШТИНА - РЕСЕН
ЗАДЕН ВЛЕЗ / ИЗЛЕЗ
АРХИВА
БИФЕ
ЦУК
КАТАСТАР
ПРИЈАВНИЦА
WC
WC
ПРЕДЕН ВЛЕЗ / ИЗЛЕЗ
ОДБРАНА
ДЗС
ДЗС
ПРИЗЕМЈЕ
ПП АПАРАТ - FIRE EXTINGUISHER
ХИДРАНТСКИ ОРМАР - WATER HYDRANT
ПАТОКАЗ ЗА ЕВАКУАЦИЈА - EXIT
ТВОЈАТА ПОЗИЦИЈА - YOUR POSITION
192 - ПОЛИЦИЈА
193 - ПОЖАРНА
194 - БРЗА ПОМОШ
Изработил:
ВАТЕКС ДООЕЛ - ОХРИД


ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА И РАСПОРЕД НА ПП АПАРАТИ
ОПШТИНА - РЕСЕН
САЛА
МАЛА САЛА
ПИСАРНИЦА
ИНФ. ЦЕНТАР
КАБИНЕТ
КАБИНЕТ
ПРВИ СПРАТ
ПП АПАРАТ - FIRE EXTINGUISHER
ХИДРАНТСКИ ОРМАР - WATER HYDRANT
ПАТОКАЗ ЗА ЕВАКУАЦИЈА - EXIT
ТВОЈАТА ПОЗИЦИЈА - YOUR POSITION
192 - ПОЛИЦИЈА
193 - ПОЖАРНА
194 - БРЗА ПОМОШ
Изработил:
ВАТЕКС ДООЕЛ - ОХРИД


ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА И РАСПОРЕД НА ПП АПАРАТИ
ОПШТИНА - РЕСЕН
H
WC
WC
H
ВТОРИ СПРАТ
ПП АПАРАТ - FIRE EXTINGUISHER
ХИДРАНТСКИ ОРМАР - WATER HYDRANT
ПАТОКАЗ ЗА ЕВАКУАЦИЈА - EXIT
ТВОЈАТА ПОЗИЦИЈА - YOUR POSITION
192 - ПОЛИЦИЈА
193 - ПОЖАРНА
194 - БРЗА ПОМОШ
Изработил:
ВАТЕКС ДООЕЛ - ОХРИД

**·ВАТЕКС· дооел - Охрид**

Сервис на ППА и сите средства за гасење на пожар, испитување на хидрантска мрежа, громобранска инсталација, систем за дојава на пожар и давање стручни совети и предавања од областа на противпожарната заштита

Бр. 084
Од 20.04.2015 година
Охрид

# ПОТВРДА

## за ракување со ПП апарати и нивна употреба

**Лицето** Гоце Настевски**, со Е.М.Б.Г** ______**, вработено во** ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ОПШТИНА - РЕСЕН
**го посетуваше курсот за ракување со различни видови на ПП Апарати и нивна употреба како теоретски така и практичен дел. Со оваа потврда се докажува дека лицето има основни познавања од областа на противпожарната заштита, ракување со ПП Апарати и нивна практична употреба.**

**Гл. Книга број** 084/15

М.П.

**СТРУЧНО ЛИЦЕ:**
***Здравевски Антонио***

**·ВАТЕКС· дооел - Охрид**

Сервис на ППА и сите средства за гасење на пожар, испитување на хидрантска мрежа, громобранска инсталација, систем за дојава на пожар и давање стручни совети и предавања од областа на противпожарната заштита

Бр. 085
Од 20.04.2015 година
Охрид

# ПОТВРДА

## за ракување со ПП апарати и нивна употреба

Лицето Даниел Димески, со Е.М.Б.Г [redacted], вработено во ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ОПШТИНА - РЕСЕН го посетуваше курсот за ракување со различни видови на ПП Апарати и нивна употреба како теоретски така и практичен дел. Со оваа потврда се докажува дека лицето има основни познавања од областа на противпожарната заштита, ракување со ПП Апарати и нивна практична употреба.

Гл. Книга број 085/15

М.П.

СТРУЧНО ЛИЦЕ:
*Здравески Антонио*

41

·ВАТЕКС· дооел - Охрид

Сервис на ППА и сите средства за гасење на пожар, испитување на хидрантска мрежа, громобранска инсталација, систем за дојава на пожар и давање стручни совети и предавања од областа на противпожарната заштита

Бр. 082
Од 20.04.2015 година
Охрид

# ПОТВРДА

## за ракување со ПП апарати и нивна употреба

**Лицето** Зоран Кипревски**, со Е.М.Б.Г.** ____**, вработено во** ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ОПШТИНА - РЕСЕН **го посетуваше курсот за ракување со различни видови на ПП Апарати и нивна употреба како теоретски така и практичен дел. Со оваа потврда се докажува дека лицето има основни познавања од областа на противпожарната заштита, ракување со ПП Апарати и нивна практична употреба.**

**Гл. Книга број** 082/15

М.П.

**СТРУЧНО ЛИЦЕ:**
***Здравески Антонио***

42

**·ВАТЕКС· дооел - Охрид**

Сервис на ППА и сите средства за гасење на пожар, испитување на хидрантска мрежа, громобранска инсталација, систем за дојава на пожар и давање стручни совети и предавања од областа на противпожарната заштита

Бр. 083
Од 20.04.2015 година
Охрид

# ПОТВРДА

## за ракување со ПП апарати и нивна употреба

Лицето Никола Шушевски, со Е.М.Б.Г.________, вработено во ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ОПШТИНА - РЕСЕН го посетуваше курсот за ракување со различни видови на ПП Апарати и нивна употреба како теоретски така и практичен дел. Со оваа потврда се докажува дека лицето има основни познавања од областа на противпожарната заштита, ракување со ПП Апарати и нивна практична употреба.

Гл. Книга број 083/15

М.П.

ВАТЕКС ОХРИД

**СТРУЧНО ЛИЦЕ:**
*Здравески Антонио*

Преглед на определено лице - Ракувач на Планот за З и С, кое опфаќа водење на евиденција на документите, нивно ажурурање, изменување и дополнување

| ред. бр | Име и Презиме | Функција | телефон |
|---|---|---|---|
| 1. | Илче Ристевски | Ракувач на планот за З и С | 070619095 |

1.Закон за заштита и спасување(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21)

2.Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл. весник на Република македонија бр.76/06)

3.Закон за управување со кризи(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21)

4.Уредба за начинот на ракување и употреба на Планот за заштита и спасување од природни непогоди (Сл.весник на Република Македонија бр. 76/06)

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08-2059/10
29.10.2024 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

43

СОДРЖИНА:

1. Заклучок по Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Ресен за извештајниот период 01.01.2024 година - 30.09.2024 година (трет квартал)........................................................................................стр.2

2. Решение за формирање на Комисија за изработка на Предлог-Програма за работа на Совет на Општина Ресен за 2025 година................................стр.19

3. Решение за разрешување член во Одборот за контрола на материјално-финансиско работење на ЈКП “Пролетер“ Ресен....................................стр.20

4. Решение за формирање на Комисија за селекција на еден кандидат за избор на член во Одборот за контрола на материјално-финансиско работење на ЈКП “Пролетер“ Ресен........................................................стр.21

5. Програма за измена и дополнување на Програмата за ЈД Изградба и реконструкција на локални патишта ЈД0-изградба ,реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Ресен во 2024 година.................................................................................стр.23

6. Програма за дополнување на Програмата ЈГ - изградба, реконструкција и одржување на водоводи за 2024 година.................................................стр.25

7. Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на Општина Ресен.........................................................................................стр.26

8. План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Општина Ресен...............................................................................стр.38

**Издавач:Општина Ресен**
**Тел:047-551-770**
**Буџетска сметка: 7600140754630 10 НБРМ**
**Даночен број: 4024004107609**
**Матичен број: 6018572**